


# TEN BARELS SYRAH
# Reserva 2016

Ова суво црвено вино е добиено од истоимената сорта на грозје Syrah, од сопствените насади на винарија Камник. Посебноста на ова вино произлегува од двојната редукција на приносот на грозје, оваа ампелотехничка постапка резултира во парцијално дехидрирање на гроздовите на самата лоза и добивање на фенолно зрело грозје. Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, висок екстракт и потенцијал за созревање. Букето изобилува со ароми на црвено и црно ситнозрнесто овошје, што се истакнува преку винификација со 5% Вранец. Комплексноста на ова вино се должи на 12-месечното одлежување во нови буриња од американски и француски даб кои допринесуваат за добивање на дискретни зачински тонови на каранфилче, надополнети со мирис на печени колачи, ванила и сладок корен. Вкусот е елегантен и полн со одлична структура, меки и кадифени танини и добро интегрирани дабови ароми со долготраен послевкус. Ова вино има капацитет на повеќегодишно созревање во шише.

Виното се служи на температура од 15-18°C, во комбинација со разни видови месо, особено дивеч во пикантен сос.

**Полнето**: Јануари 2018

**Алкохол**: 15% Vol.